# Службен весник на општина Долнени
# Buletini zyrtar i komunës së Dollnenit

**Број/Numri 01** **февруари/Shkurt 08.02.2016** **Година/Viti XXI**

| | |
|---|---|
| **Службениот гласник на општина Долнени излегува по потреба**<br>**Buletini zyrtar i komunës së Dollnenit del sipas nevojës** | **Ж-сметка xhiro-llog. 300020000212077**<br>**ДБ/NT: 6021067000004**<br>**Тел-Tel: 048/453-** |


## Содржина/Përmbajta


| Бр. на докум. | Вид на документот | Страна | Numri i dokum | Lloji i dokumentit | Faqja |
|---|---|---|---|---|---|
| 08-294/1 | Заклучок за измени и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Долнени за 2016 година | 2 | 08-294/1 | Konkluzë për për ndryshimin dhe plotësimin e Vendimit për përmbarimin buxhetit të komunës së Dollnenit për vitin 2016 | 2 |
| | Одлука за измени и дополнувања на одлуката за извршување на буџетот за 2016 година | 2 | | Vendim për ndryshimin dhe plotësimin e përmbarimit të buxhetit për komunën e Dollnenit për vitin 2016 | 2 |
| 08-294/2 | Заклучок за план за јавни набавки на општина Долнени за 2016 година | 2 | 08-294/2 | Konkluzë për planin e furnizimeve publike të komunës së Dollnenit për vitin 2016 | 2 |
| | Годишен план за Јавни набавки на општина Долнени за 2016 година | 3 | | Plan vjetor për furnizime publike të komunës së Dollnenit për vitin 2016 | 3 |
| 08-294/3 | Заклучок за социјална заштита во општина Долнени за 2016 година | 5 | 08-294/3 | Konkluzë për mbrojtje sociale në komunën e Dollnenit për vitin 2016 | 5 |
| | Програма за социјална заштита во Општина Долнени за 2016 година | 6 | | Program për mbrojtje sociale në komunën e Dollnenit për vitin 2016 | 6 |

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 52 став 1 точка 7 од Статутот на општина Долнени (“Службен гласник на општина Долнени“ бр.8/05, 04/09 и 02/10 Градоначалник на општина Долнени го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**За измени и дополнување на Одлуката а извршување на Буџетот на општина Долнени за 2016 година**

1. Се прогласува, Одлука за измени и дополнување на Одлуката а извршување на Буџетот на општина Долнени за 2016 година 08-222/2донесена од советот на општина Долнени на ден 29.01.2016 година.
2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Долнени.

Бр. 08-294/1
08.02.2016

Градоначалник
Боше Милошески

Në bazë të nenit 36, paragrafi 1, pika 2 nga Ligji për Vetëqeverisje Lokale (“Gazeta zyrtare e RM-së”, nr. 05.02) dhe nenit 52, paragrafi 1, pika 7 nga Statuti i komunës së Dollnenit (“Buletini zyrtar i komunës së Dollnenit”, nr. 08/05, 04/09 dhe 02/10) prefekti i komunës së Dollnenit e solli këtë:

**K O N K L U Z Ë**

**për ndryshimin dhe plotësimin e Vendimit për përmbarimin buxhetit të komunës së Dollnenit për vitin 2016**

1. Shpallet vendim për ndryshimin dhe plotësimin e Vendimit për përmbarimin buxhetit të komunës së Dollnenit për vitin 2016 me nr. 08-222/2 i sjellur nga ana e Këshillit të komunës së Dollnenit më datën 29.01.2016.
2. Konkluza do të shpallet në buletinin zyrtar të komunës së Dollnenit.

Nr. 09-294/1
08.02.2016

Prefekti
Boshe Millosheski

**Одлука**

**За измени и дополнувања на одлуката за извршување на буџетот за 2016 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се вршат измени и дополнувања ба Одлуката за извршување на буџетот на општина Долнени за 2016 година заведена под бр.08-2309/3 од 22.12.2015 година.

**Член 2**

Во одлуката за извршување на Буџетот на општина Долнени за 2016 година (сл. Гласник на општина Долнени бр. 13/2015), се вршат следните измени:

1. Во преамбулата текстот „став 5 “ се заменува со „став 8“ и се дополнува 40-та седница.
2. Во член 2 зборот „наменски“ се бриши.
3. Во член 9 зборот „и именуваните“ се брише, За вработените кои имаат статус на државни службеници вредноста на бодот за утврдување на платите изнесува 76,8 денари – Службен весник на РМ 143/2014 се заменува со (Сл. Весник на Рм бр. 2/16).
4. Во членот 12 „Сл. Весник на РМ бр. 50/00, се заменува со Сл. Весник на РМ бр. 64/1,01.10/08,052/10,12/12,5/13,1/14 и 90/14.

**Член 3**

Оваа Одлука ќе се објави во Сл. Гласник на општина Долнени. одредбите на оваа одлука ќе се применуваат од 01.01.2016 година.

Претседател на Советот
на општина Долнени
Хусеин Хасановиќ

**VENDIM**

**Për ndryshimin dhe plotësimin e përmbarimit të buxhetit për komunën e Dollnenit për vitin 2016**

**Neni 1**

Me këtë vendim bëhen ndryshime dhe plotësime në vendimin për përmbarimin e buxhetit të komunës së Dollnenit për vitin 2016 të regjistruar me numër 08-2309/3.

**Neni 2**

Në vendimin për përmbarimin e buxhetit të komunës së Dollnenit (“Buletini zyrtar i komunës së Dollnenit”, nr. 13/2015) bëhen ndryshimet vijuese:

1. Në preambulë të tekstit fjala “paragrafi 5” ndrohet me “paragrafi 8” dhe plotësohet “seanca e 40-të”
2. Në nenin 2 fjala “për qëllime” fshihet.
3. Në nenin 9 fjala “edhe të emëruarit” fshihet, për të punësuarit që kanë statusin e nëpunësve shtetërorë vlera e pikave për përcaktimin e rrogave është 76.8 denarë (“Buletini zyrtar i RM-së, nr. 143/2014) ndrohet me (“Buletini zyrtar i M-së”, nr. 2/16).
4. Në nenin 12 (“Gazeta zyrtare e RM-së”, nr. 50/00) ndrohet me (“Gazeta zyrtare e RM-së”), nr. 50/00 ndrohet me 64/1, 01.10/08, 052/10, 12/12, 5/13, 1/14 dhe 90/14.

**Neni 3**

Ky vendim do të shpallet në Buletinin zyrtar të komunës së Dollnenit. Dispozitat e këtij vendimi do të zbatohen nga 01.01.2016

Kryetari i Këshillit
të komunës së Dollnenit
Husein Hasanoviq

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 52 став 1 точка 7 од Статутот на општина Долнени (“Службен гласник на општина Долнени“ бр.8/05, 04/09 и 02/10) Градоначалник на општина Долнени го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**За план за јавни набавки на општина Долнени за 2016 година**

1. Се прогласува, Одлука за план за јавни набавки на општина Долнени за 2016 година 08-222/3 донесена од советот на општина Долнени на ден 29.01.2016 година.
2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Долнени.

Бр. 08-294/2
08.02.2016

Градоначалник
Боше Милошески

Në bazë të nenit 36, paragrafi 1, pika 2 nga Ligji për Vetëqeverisje Lokale (“Gazeta zyrtare e RM-së”, nr. 05.02) dhe nenit 52, paragrafi 1, pika 7 nga Statuti i komunës së Dollnenit (“Buletini zyrtar i komunës së Dollnenit”, nr. 08/05, 04/09 dhe 02/10) prefekti i komunës së Dollnenit e solli këtë:

**K O N K L U Z Ë**

**për planin e furnizimeve publike të komunës së Dollnenit për vitin 2016**

1. Shpallet vendim për planin e furnizimeve publike të komunës së Dollnenit për vitin 2016 vitin 2016 me nr. 08-222/3 i sjellur nga ana e Këshillit ë komunës së Dollnenit më datën 03.02.2016.
2. Konkluza do të shpallet në buletinin zyrtar të komunës së Dollnenit.

Nr. 09-294/2
08.02.2016

Prefekti
Boshe Millosheski



www.opstinadolneni.gov.mk; info@opstinadolneni.gov.mk, Долнени/Dollnen
Tel/Fax: +389 48 453 210

**ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ НА ОПШТИНА ДОЛНЕНИ ЗА 2016 ГОДИНА**

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковна спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Проценета вредност на договорот во денари | Вид на постапка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | **I. Договори за јавни набавки на стоки** | | | | |
| **1.** | Набавка на канцелариски материјали и други административни материјали | / | Јануари | 300.000,00 | Барање со прибирање на понуди од мала вредност |
| **2.** | Набавка на дрва за огрев за Основните училишта и за општина Долнени | / | Август | 3.000.000,00 | Отворена постапка |
| **3.** | Набавка на канцелариски мебел | / | Јануари - Декември | 100.000,00 | Барање со прибирање на понуди од мала вредност |
| **4.** | Набавка на јаглен за општина Долнени и за ОУ „Вера-Циривири-Трена“ – Дебреште | / | Септември | 300.000,00 | Барање со прибирање на понуди |
| **5.** | Набавка на опрема за греење и климатизација | / | Јануари - Декември | 40.000,00 | Барање со прибирање на понуди од мала вредност |
| **6.** | Набавка на рекламен материјал (календари, нотеси и др.) | / | Ноември | 60.000,00 | Барање со прибирање на понуди од мала вредност |
| **7.** | Набавка на информатичка и друга опрема | / | Јануари - Декември | 120.000,00 | Барање со прибирање на понуди од мала вредност |
| **8.** | Набавка на компјутерски софтвер | / | Јануари | 170.000,00 | Барање со прибирање на понуди од мала вредност |
| **9.** | Набавка на горива за возилата во општина Долнени | / | Јануари | 540.000,00 | Барање со прибирање на понуди |
| **10.** | Одржување на улично осветлување во дел од населените места во општина Долнени | / | Јануари | 900.000,00 | Барање со прибирање на понуди |
| **11.** | Набавка на канцелариска и друга опрема | / | Јануари - Декември | 220.000,00 | Барање со прибирање на понуди |
| **12.** | Набавка на нафта за огрев | | Јануари | 1.000.000,00 | Барање со прибирање |

**PLAN VJETOR PËR FURNIZIME PUBLIKE TË KOMUNËS SË DOLLNENIT PËR VITIN 2016**

| Nr. | Lënda e kontratës për furnizime publike/marrëveshje kornizë | Shifra sipas OKFP | Fillimi i pritur i produrës (muaji) | Vlera e vlerësuar e kontratës në denarë | Lloji i procedurës |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | **I. Kontrata për furnizime publike të mallrave** | | | | |
| **1.** | Furnizimi i materialeve për zyra dhe materialeve tjera administrative | / | Janar | 300.000,00 | Kërkesë me grumbullimin e ofertave të vlerës së vogël |
| **2.** | Furnizimi i drunjve për ngrohje për shkollat fillore dhe për komunën e Dollnenit | / | Gusht | 3.000.000,00 | Procedurë e hapur |
| **3.** | Furnizimi i mobileve për zyra | / | Janar - dhjetor | 100.000,00 | Kërkesë me grumbullimin e ofertave të vlerës së vogël |
| **4.** | Furnizimi i qymyrit për komunën e Dollnenit dhe për SHF “Vera Ciriviri-Trena” - Debresht | / | Shtator | 300.000,00 | Kërkesë me grumbullimin e ofertave |
| **5.** | Furnizimi i pajisjeve për ngrohje dhe klimatizim | / | Janar - dhjetor | 40.000,00 | Kërkesë me grumbullimin e ofertave të vlerës së vogël |
| **6.** | Furnizimi i materialit reklamues (kalendarë, notesë etj.) | / | Nëntor | 60.000,00 | Kërkesë me grumbullimin e ofertave të vlerës së vogël |
| **7.** | Furnizimi i pajisjeve të ndryshme dhe informatike | / | Janar dhe dhjetor | 120.000,00 | Kërkesë me grumbullimin e ofertave të vlerës së vogël |
| **8.** | Furnizimi i softuerit kompjuterik | / | Janar | 170.000,00 | Kërkesë me grumbullimin e ofertave të vlerës së vogël |
| **9.** | Furnizimi i karburanteve për automjetet në komunën e Dollnenit | / | Janar | 540.000,00 | Kërkesë me grumbullimin e ofertave |
| **10.** | Mirëmbajtja e ndriçimit të rrugicave në një pjesë të vendbanimeve të komunës së Dollnenit. | / | Janar | 900.000,00 | Kërkesë me grumbullimin e ofertave |
| **11.** | Furnizimi i pajisjeve të ndryshme dhe për zyra | / | Janar - dhjetor | 220.000,00 | Kërkesë me grumbullimin e ofertave |
| **12.** | Furnizimi i naftës për ngrohje për | | Janar | 1.000.000 | Kërkesë me grumbullimi |


www.opstinadolneni.gov.mk; info@opstinadolneni.gov.mk, Долнени/Dollnen
Tel/Fax: +389 48 453 210

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | на СОУ „ПРЕРОДБА“ с. Житоше | | | | на понуди |
| | **II. Договори за јавни набавки на услуги** | | | | |
| **1.** | Изработка на проекта документација за урбанистички планови и елаборати | / | Јануари | 2.000.000,00 | Отворена постапка |
| **2.** | Изработка на проекти за енергетска ефикасност | / | Јануари - Декември | 300.000,00 | Барање со прибирање на понуди од мала вредност |
| **3.** | Изработка на проекти за објекти од областа на културата | / | Јануари - Декември | 120.000,00 | Барање со прибирање на понуди од мала вредност |
| **4.** | Превоз на ученици и наставници за потребите на ОУ и СОУ во општина Долнени | / | Јули | 14.000.000,00 | Отворена постапка |
| **5.** | Зимско одржување на локални улици и патишта | / | Октомври | 360.000,00 | Барање со прибирање на понуди од мала вредност |
| **6.** | Одржување на згради и други градби | / | Јануари - Декември | 1.700.000,00 | Барање со прибирање на понуди |
| **7.** | Одржување на информатичка опрема | / | Јануари - Декември | 160.000,00 | Барање со прибирање на понуди од мала вредност |
| **8.** | Набавка на услуги за мобилна телефонија | / | Јануари - Декември | 300.000,00 | Барање со прибирање на понуди од мала вредност |
| **9.** | Дезинсекција и дератизација на територијата на општина Долнени | / | Јануари - Декември | 120.000,00 | Барање со прибирање на понуди од мала вредност |
| **10** | Надзор над извршување на градежни работи | / | Јануари Декенври | 1.500.000,00 | Отворена постапка |
| | **III. Договори за јавни набавки на работи** | | | | |
| **1.** | Изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици и мостови | / | Јануари - Декември | 3.300.000,00 | Отворена постапка |
| **2.** | Изградба и реконструкција на водоводи | / | Јануари - Декември | 2.500.000,00 | Барање со прибирање на понуди |
| **3.** | Изградба и реконструкција на мостови | / | Јануари - Декември | 500.000,00 | Барање со прибирање на понуди |
| **4.** | Изградба на | | Јануари - | 4.500.00 | Отворена |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | SHMK “Rilindja”-Zhitoshe | | | ,00 | n e ofertave |
| | **II. Kontrata për furnizime publike dhe shërbime** | | | | |
| **1.** | Përpunimi i dokumentacionit projektues për plane urbanistike dhe elaborate | / | Janar | 2.000.000,00 | Procedurë e hapur |
| **2.** | Përpunimi i projekteve për efikasitet energjetik | / | Janar - dhjetor | 300.000,00 | Kërkesë me grumbullimin e ofertave të vlerës së vogël |
| **3.** | Përpunimi i projekteve për objekt nga sfera e kulturës | / | Janar - dhjetor | 120.000,00 | Kërkesë me grumbullimin e ofertave të vlerës së vogël |
| **4.** | Transporti i nxënësve dhe arsimtarëve për nevojat e SHF dhe SHMK në komunën e Dollnenit | / | Korrik | 14.000.000,00 | Procedurë e hapur |
| **5.** | Mirëmbajtje dimërore e rrugicave dhe rrugëve lokale | / | Tetor | 360.000,00 | Kërkesë me grumbullimin e ofertave të vlerës së vogël |
| **6.** | Mirëmbajtja e ndërtesave dhe objekteve tjera | / | Janar - dhjetor | 1.700.000,00 | Kërkesë me grumbullimin e ofertave |
| **7.** | Mirëmbajtja e pajisjeve informatike | / | Janar - dhjetor | 160.000,00 | Kërkesë me grumbullimin e ofertave të vlerës së vogël |
| **8.** | Furnizimi me shërbime për telefoninë celulare | / | Janar - dhjetor | 300.000,00 | Kërkesë me grumbullimin e ofertave të vlerës së vogël |
| **9.** | Dezinsektimi dhe deratitzimi në territorin e komunës së Dollnenit | / | Janar - dhjetor | 120.000,00 | Kërkesë me grumbullimin e ofertave të vlerës së vogël |
| **10** | Mbikëqyrje mbi kryerjen e punët ndërtimore | / | Janar - dhjetor | 1.500.000,00 | Procedurë e hapur |
| | **III. Kontrata për furnizime publike të punëve** | | Janar - dhjetor | | |
| **1.** | Ndërtimi, rikonstruimi dhe mirëmbajtja e rrugicave dhe rrugëve lokale dhe urave. | / | Janar - dhjetor | 3.300.000,00 | Procedurë e hapur |
| **2.** | Ndërtimi dhe rikonstruimi i ujësjellësve | / | Janar - dhjetor | 2.500.000,00 | Kërkesë me grumbullimin e ofertave |
| **3.** | Ndërtimi dhe rikonstruimi i urave | / | Janar - | 500.000,00 | Kërkesë me grumbullimin e ofertave |


www.opstinadolneni.gov.mk; info@opstinadolneni.gov.mk, Долнени/Dollnen
Tel/Fax: +389 48 453 210

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | објекти за спорт и рекреација | | Декември | 0,00 | постапка |
| **5.** | Уредување на дворни површини | **/** | Јануари - Декември | 1.000.00 0,00 | Барање со прибирање на понуди |

Kryetari i Kësj

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | dhjetor | | |
| **4.** | Ndërtimi i objekteve për sport dhe argëtim | | Janar - dhjetor | 4.500.000 ,00 | Procedurë e hapur |
| **5.** | Rregullimi i sipërfaqeve të oborreve | **/** | **Janar dhe dhjetor** | 1.000.000 ,00 | Kërkesë me grumbullimi n e ofertave |

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 52 став 1 точка 7 од Статутот на општина Долнени (“Службен гласник на општина Долнени“ бр.8/05, 04/09 и 02/10 Градоначалник на општина Долнени го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**За социјална заштита во општина Долнени за 2016 година**

1. Се прогласува, Одлука за социјална заштита во општина Долнени за 2016 година 08-222/4 донесена од советот на општина Долнени на ден 29.01.2016 година.
2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Долнени.

Бр. 08-294/3
08.02.2016

Градоначалник
Боше Милошески

Në bazë të nenit 36, paragrafi 1, pika 2 nga Ligji për Vetëqeverisje Lokale (“Gazeta zyrtare e RM-së”, nr. 05.02) dhe nenit 52, paragrafi 1, pika 7 nga Statuti i komunës së Dollnenit (“Buletini zyrtar i komunës së Dollnenit”, nr. 08/05, 04/09 dhe 02/10) prefekti i komunës së Dollnenit e solli këtë:

**K O N K L U Z Ë**

**për mbrojtje sociale në komunën e Dollnenit për vitin 2016**

1. Shpallet vendim për mbrojtje sociale në komunën e Dollnenit për vitin 2016 me nr. 08-222/4 i sjellur nga ana e Këshillit ë komunës së Dollnenit më datën 03.02.2016.
2. Konkluza do të shpallet në buletinin zyrtar të komunës së Dollnenit.

Nr. 09-294/3
08.02.2016

Prefekti
Boshe Millosheski

Врз основа на член 3, член 11 и член 12 од Законот за социјална заштита (Службен весник на РМ бр.79/09, 36/11 и 51/11), член 22 став 1 точка 7 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02), и член 21 став 1 од Статутот на општина Долнени (Сл. гласник бр.02/03), Советот на Општина Долнени на седницата одржана на 29.01.2016 година, ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**

**за социјална заштита во Општина Долнени за 2016 година**

**1. ОПШТИ ОДРЕДБИ**

Социјалната заштита како дејност од јавен интерес, е систем на мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот,за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита.

Како носители на социјалната заштита се Републиката односно Владата на Република Македонија која донесува Национална програма за развојот на социјалната заштита и општините кои обезбедуваат спроведување на социјалната заштита во согласност со закон и донесуваат програми за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита.

Програмата за социјална заштита на општина Долнени за 2016 година,има за цел подобрување на пристапот и квалитетот на социјалната заштита како и мерките и активностите преку кои општината ќе ја спроведува социјалната заштита за поедини категории на семејства да добијат соодветен третман и заштита од социјален ризик, совладување на овие ризици како и за девијантни појави и однесувања.

Програмата за социјална заштита во општина Долнени за 2016 година се носи согласно Националната програма за развој на социјалната заштита донесена од страна на Владата на Република Македонија.

**2. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ**

Општина Долнени, со цел обезбедување на социјалната заштита за нејзините граѓани, ќе ги спроведува следните мерки и активности:

**А.** Парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на следните категории на лица кои ќе се најдат во исклучително тешка состојба, согласно можностите и во рамките на расположливите средства во Буџетот на општината за 2016 година

- лица со инвалидност,
- деца без родители и родителска грижа,

Në bazë te nenit 3, neni 11 dhe nenit 12 nga Ligji për Mbrojtje Sociale (“Gazeta zyrtare e RM-së-, nr. 79/09, 36/11 dhe 51/11), neni 22, paragrafi 1, pika 7 dhe nenit 36, paragrafi 1, pika 15 nga Ligji për Vetëqeverisje Lokale (“Gazeta zyrtare e RM-së-, nr.5/02), dhe nenit 21, paragrafi 1 nga Statuti i komunës së Dollnenit (“Buletini zyrtar i komunës së Dollnenit-, nr. 02/03), Këshilli i komunës së Dollnenit në seancën e mbajtur më 29.01.2016 e solli këtë:

**PROGRAM**

**Për mbrojtje sociale në komunën e Dollnenit për vitin 2016**

**1.DISPOZITA TË PËRGJITHSHME**

Ndihma sociale si veprimtari publike është një sistem i masave, aktiviteteve dhe politikave për pengimin dhe tejkalimin e rreziqeve elementare, ndaj të cilave është i eksponuar qytetari gjatë jetës së tij, për zvogëlimin e varfërisë dhe përjashtimi social dhe për përforcimin e kapacitetit të saj për mbrojtje të mëvetësishme.

Si bartës i ndihmës sociale, respektivisht Qeveria e Republikës së Maqedonisë, e cila sjell program nacional për zhvillimin e mbrojtjes sociale dhe komunat, të cilat sigurojnë zbatimin e mbrojtjes sociale në pajtim me ligj dhe sjellin programe për nevojat e qytetarëve nga sfera e ndihmës sociale.

Programi për ndihmë sociale i komunës së Dollnenit për vitin 2016 ka për qëllim përmirësimin e qasjes dhe kualitetit të mbrojtjes sociale si dhe masat dhe aktivitetet nëpërmjet të cilave komuna do ta zbatojë mbrojtjen sociale për kategori të veçanta të familjeve që të fitojnë trajtim përkatës për mbrojtje nga riziku social, mundja e këtyre rreziqeve si dhe për dukuri dhe sjellje devijuese.

Programi për mbrojtje sociale i komunës së Dollnenit për vitin 2016 sillet në përputhje me programin nacional për zhvillimin e ndihmës sociale nga ana e Qeverisë së Republikës së Maqedonisë.

**2. MASA DHE AKTIVITETE**

Komuna e Dollnenit me qëllim të sigurimit të ndihmës sociale për qytetarët e saj do t’i zbatojë masat vijuese:

**A.** Ndihmë financiare dhe sigurimin e masave dhe shërbimeve të veçanta për prevencë-parandalim social/e dhe mbrojtje për personat të kategorive vijuese, të cilët do të ndodhen në situata të jashtëzakonshme të rënda, në pajtim me mundësitë dhe në kuadër të mjeteve që i posedon në buxhetin e komunës për vitin 2016.

- persona me invaliditet,
- fëmijë pa prindër dhe kujdes prindëror,

- деца со воспитно социјални проблеми,
- деца од едно родителски семејства,
- стари лица без семејна грижа,
- лица засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол,
- тешко болни лица и примatели на терапија,
- лица погодени од елементарни непогоди,пожари и друго.

**Б.** Организирање на хуманитарна акција за финансиска и материјална помош на ранливите групи на население.

**В.** Хоризонтално обележување на паркинг простор за лица со посебни потреби и изградба на пристапни рампи во објекти од јавен интерес.

**Г.** Организирање на трибини за едукација против зависности и реализација на проект за превенција од болестите на зависност.

**Д.** Поддршка на центарот за деца со посебни потреби.

**ПОСТАПКА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА**

**А. Парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на одредени категории на лица кои ќе се најдат во исклучително тешка состојба.**

**1. Цел**

Целта за остварување на паричната помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на одредени категории на лица е согласно надлежноста на општината во областа на социјалната заштита утврдена во Законот за локалната самоуправа и Законот за социјалната заштита како и други законски и подзаконски акти во оваа област,општината да им излезе во пресрет на здравствено,финансиски или друг начин загрозените лица кои имаат потреба од социјална заштита и помош,а согласно можностите и во рамките на расположливите средства во Буџетот на општината за 2016 година.

**2. Корисници**

Корисници на парична помош и други услуги од социјалната заштита,се следните категории на лица:
- инвалидни лица,
- деца без родители и родителска грижа,
- деца со воспитно социјални проблеми,
- лица засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол,
- деца со посебни потреби,
- тешко болни лица и примatели на терапија,
- стари лица без семејна грижа,
- лица погодени од елементарни непоходи,

**3. Мерки**

Висината на надоместокот, видовите на мерките и услугите за социјална заштита и превенција за наведените категории на лица ќе се утврдуваат врз основа на поднесено барање со комплетна документација, со која би се потврдил основот на барањето, а по дадено позитивно мислење од страна на Комисијата за општествени дејности и по донесена одлука од страна на Советот на општина Долнени.

**4. Носител**

Оваа активност како мерка во рамките на реализацијата на програмата за социјална заштита на општина Долнени за 2016 година, ќе се спроведува од страна на општина Долнени преку надлежните сектори и одделенија а по претходно позитивно мислење дадено од Комисијата за општествени дејности и донесена Одлука од страна на Советот на општина Долнени.

**5. Извори на средства**

Средствата за исплата на парична помош и за обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на наведените категории лица ќе се обезбедуваат согласно можностите и во рамките на расположливите средства во Буџетот на општината за 2016 година и се предвидени во следните потпрограми:

АО- Совет, потставка 464990- други трансфери
АО- Совет,потставка 471160- еднократна парична помош
ДО- Градоначалник, потставка 464990- други трансфери

**Б. Организирање на хуманитарна акција за финансиска и материјална помош на ранливите групи на население**

Целта на оваа активност е преку организирање на акција за собирање на облека и друга опрема да им се помогне на социјално загрозени лица.

Носители на спроведување на активност покрај Општина Долнени, ќе бидат вклучени и јавните установи,Центарот за социјална работа-Прилеп, невладини организации и здруженија.

**В. Хоризонтално обележување на паркинг простор за лица со**

- fëmijë me probleme edukativo-sociale,
- fëmijë me familje një prindërore,
- persona të vjetër pa kujdes familjar,
- persona të prekur nga keqpërdorimin e drogës dhe alkoolit,
- persona rëndë të sëmurë dhe pranues të terapive,
- persona të goditur nga fatkeqësitë elementare, zjarret etj.

**B.** Organizimi i aksionit humanitar për ndihmë financiare dhe materiale grupeve të rrezikuara të banorëve.

**C.** Shënimi horizontal i hapësirës për të parkuar për persona me nevoja të veçanta dhe ndërtimi i rampave për qasje në objekte të karakterit publik.

**Ç.** Organizimi i tribunave për edukimin kundër varshmërive dhe realizimi i projektit për parandalimin e sëmundjeve të varshmërisë.

**D.** Përkrahje e Qendrës për Fëmijë me nevoja të veçanta.

**PROCEDURA PËR REALIZIM**

**A. Ndihmë në të holla dhe sigurimi i masave dhe shërbimeve të veçanta për parandalimin social të kategorive të caktuara të personave, të cilët do të gjenden në situatë jashtëzakonisht të pa lakmueshme.**

- **Qëllimi**

Qëllimi i realizimit të ndihmave në të holla dhe sigurimi i masave dhe shërbimeve të veçanta për parandalimin social të kategorive të caktuara të personave, të cilët do të gjenden në situatë jashtëzakonisht të pa lakmueshme është në përputhje me kompetencat e komunës në sferën e ndihmës sociale e caktuar në Ligjin për Mbrojtje Sociale si dhe akteve tjera ligjore dhe nën ligjore në këtë sferë, komuna tu dalë në përkrahje shëndetësore, financiare ose në mënyrë tjetër personave të rrezikuar, të cilët kanë nevojë për ndihmë dhe mbrojtje sociale e gjithë në përputhje me mundësitë dhe në kuadër të mjeteve që i posedon komuna në Buxhetin e saj për vitin 2016..

**2. Shfrytëzues**

Shfrytëzues të ndihmave në të holla dhe shërbimeve tjera nga sfera e mbrojtjes sociale janë kategoritë vijuese të personave:
- Persona invalidë,
- fëmijë pa prindër dhe kujdes prindëror,
- fëmijë me probleme edukativo-sociale,
- persona të prekur me keqpërdorimin e drogës dhe alkoolit,
- fëmijë me nevoja të ve çanta,
- persona rëndë të sëmurë dhe pranues të terapive,
- persona të vjetër pa kujdes familjar
- persona të goditur nga fatkeqësitë elementare, zjarret etj.

**3. MASAT**

Lartësia e kompensimit, llojeve të masave dhe shërbimeve për ndihma sociale dhe parandalimit për kategoritë e përmendura të personave do të përcaktohet në bazë të kërkesës së parashtruar me dokumentacion të kompletuar, me të cilin do të vërtetohet arsyeshmëria e kërkesës dhe pas dhënies së mendimit pozitiv të Komisionit për Veprimtari Shoqërore dhe pas vendimit të sjellur nga ana e Këshillit të komunës së Dollnenit.

**4.Bartës**

Ky aktivitet si masë në kuadër të realizimit të programit për mbrojtje sociale të komunës së Dollnenit për vitin 2016 do të zbatohet nga ana e komunës së Dollnenit nëpërmjet të sektorëve dhe departamenteve, por paraprakisht pas dhënies pozitive nga ana komisionit për Veprimtari Shoqërore dhe pas vendimit të sjellur nga ana e Këshillit të komunës së Dollnenit.

**5. Burime të mjeteve**

Mjetet për pagesën e ndihmës në të holla dhe për sigurimin e shërbimeve dhe masave të veçanta për parandalimin dhe mbrojtjen e kategorive të përmendura do të sigurohen në pajtim me mjetet që i ka në buxhetin e komunës së Dollnenit për vitin 2016 të parapara në nënprogramet vijuese:

AO- Këshill, nënpikë 464990- transferta tjera
AO- Këshill, nënpikë 412110 – rezervë e hershme
DO-Prefekti, nënpika 464990 dhe transferte tjera

**B. Organizimi i aksionit humanitar për ndihmë financiare dhe materiale të grupeve dhe popullatës së ndjeshme.**

Qëllimi i këtij aktiviteti është që nëpërmjet të organizimit të aksionit për mbledhje të veshjes dhe sendeve tjera t'u ndihmohet personave social të rrezikuar.

Si bartës të këtij aktiviteti përkrah komunës së Dollnenit do të përfshihen edhe entet publike, Qendra për Punë Sociale – Prilep, organizatat joqeveritare dhe shoqatat.

**C. Shënimi horizontal i hapësirës për të parkuar për persona me**

**посебни потреби и изградба на пристапни рампи во објекти од јавен интерес**

Целта на оваа активност е воспоставување на подобар пристап на лицата со посебни потреби до јавните институции и објекти.

**Г. Организирање на трибини за едукација против зависности и лизација на проект за превенција од болестите на зависност**

Со спроведувањето на оваа активност се превземаат мерки за спречување на настанување на социјални ризици,рано откривање и третман на граѓанинот односно на лицата кои злоупотребуваат дроги,други психотропни супстанции,прекурзори и алкохол.

Оваа активност ќе се спроведе во соработка со Центарот за социјална работа -Прилеп, со училиштата, здравствената установа,невладини организации и здруженија на граѓани како и други правни и физички лица.

За реализација на оваа активност во Буџетот на општина Долнени за 2016 година,се предвидени финансиски средства во следната подпрограма:

ЕО – Општинска администрација, потставка 464990 – други трансфери

ЕО-Општинска администрација, потставка 463110–трансфери до здруженија.

**Д. Поддршка на центарот за деца со посебни потреби**

**3. ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ СО ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА**

| Р. б. | Активност | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Трансфери до здруженија на граѓани и фондации | 90.000 |
| 2. | Изградба на пристапни рампи во објекти од јавен интерес | 200.000 |
| 3. | Трансфери до спортски клубови | 200.000 |
| 4. | Трансфери при пензионирање | 250.000 |
| 5. | Помош на социјално загрозените семејства | 200.000 |
| 6. | Помош на лица погодени од елементарни непогоди | 200.000 |
| 7. | Еднократна парична помош | 400.000 |
| 8. | Организирање на хуманитарна акција за финансиска и материјална помош на ранливите групи на население | 30.000 |
| 9. | Организирање на трибини за едукација против зависности | 10.000 |
| 10. | Детска градинка | 800.000 |
| 11. | Помош на лица со здравствени проблеми | 100.000 |
| 12. | Финансиска поддршка на НВО за реализација на проекти за социјално загрозени семејства и поединци | 50.000 |
| 13. | Еднократна парична помош за прво родено дете за сите граѓани од населените места од општина Долнени | 3.000,00 ден |
| | **ВКУПНО:** | **1810000** |

**5. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Програмата за социјална заштита на Општина Долнени за 2016 година влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Долнени, а ќе се применува во текот на 2016 година.

Претседател на Советот
на општина Долнени
Хусеин Хасановиќ

**nevoja të veçanta dhe ndërtimi i rampave për qasje në objekte të karakterit publik**

Qëllimi i këtij aktiviteti është vendosja e qasjes më të mirë ndaj personave me nevoja të veçanta deri te institucionet dhe objektet publike.

**Ç. Organizimi i tribunave për edukimin kundër varshmërive dhe realizimi i projektit për parandalimin e sëmundjeve të varshmërisë**

Me zbatimin e këtij aktiviteti merren masa për pengimin dhe paraqitjen e rreziqeve sociale, zbulimin e hershëm dhe trajtimin e qytetarit, respektivisht personave që keqpërdorin droga, substanca tjera psikotropike dhe alkoholin.

Ky aktivitet do të zbatohet në bashkëpunimin me Qendrën për Punë Sociale-Prilep, me shkollat, entet shëndetësore, organizatat dhe shoqatat e qytetarëve, si dhe personave tjerë juridik dhe fizik.

Për realizimi e këtij aktiviteti në Buxhetin e komunës së Dollnenit për vitin 2016 janë të paraparë mjete financiare në nënprogramin vijues:

EO – Administratë komunale, nënpikë 464990 – transferta tjera

EO– Administratë komunale, nënpikë, nënpikë 463110 – transferta deri te shoqatat.

**D. Përkrahje e Qendrës për Fëmijë me nevoja të veçanta**

**3. PASQYRË TABELARE ME KONSTRUKSION FINANCIAR**

| Nr. | Aktivitet | Shuma në denarë |
|---|---|---|
| 1. | Shënimi horizontal i hapësirës për të parkuar për persona me nevoja të veçanta | 90.000 |
| 2. | Ndërtimi i rampave për qasje në objekte të interesit publik | 200.000 |
| 3. | Realizimi i projektit për parandalim nga sëmundjet e varshmërisë | 200.000 |
| 4. | Ndihmë për persona të vjetër dhe të brishtë | 250.000 |
| 5. | Ndihmë familjeve të rrezikuara sociale | 200.000 |
| 6. | Ndihmë personave të goditur nga fatkeqësitë elementare | 200.000 |
| 7. | Përkrahje e qendrës për fëmijë me nevoja të veçanta | 400.000 |
| 8. | Organizimi i aksionit humanitar dhe ndihmës materiale grupeve të rrezikuara të banorëve | 30.000 |
| 9. | Organizimi i tribunave për edukimin kundër varshmërive | 10.000 |
| 10 | Ndihmë e njëhershme për secilin fëmijë të posalindur | 800.000 |
| 11. | Ndihmë personave me probleme shoqërore | 100.000 |
| 12 | Përkrahje financiare OJQ për realizimin e projekteve për familje të rrezikuara sociale dhe personave | 50.000 |
| 13 | Ndihmë e njëhershme për fëmijëne parë të lindur për të gjitha banorët e komunës së Dollnenit | 3.000,00 den. |
| | **GJITHSEJ**: | **1810000** |

**5. DISPOZITA TË PËRGJITHSHME**

Programi për mbrojtje sociale të komunës së Dollnenit për vitin 2016 hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në Buletinin zyrtar të komunës së Dollnenit dhe do të zbatohet gjatë vitit 2016.

Kryetari i Këshillit të
komunës së Dollnenit
Husein Hasanoviq